# СВЕТО МАНЕВ

# ЦРТЕЖИ

Продажен ликовен салон

21 — 30.11.1986 год.



## ВОВЕДНИ БЕЛЕШКИ

Како резултат на уметниковиот немир и побуна, предизвикани и од општите и уметнички движења, може да дојде до изменет однос и пристап во создавањето на уметничката творба. Тоа се однесува за најновата сликарска фаза на СВЕТО МАНЕВ (1945), која го означува, во морфолошка смисла, континуитетот во неговото творештво, не и промената во изразно-психолошкиот состав на делата.

Всушност, Манев за подлога на неговите слики-цртежи зема поголеми површини, поцврст, пакпапир а во работата користи комбинирана техника на акрилик и пастел, нанесувани и со прскање, некаде со колажирани партии. Ваквиот избор на материјал и техника се покажа неопходен услов за предавање на визуелни форми и претстави кои ја достигнуваат гротеската и морбидноста во доживувањето. Тоа се огромни, пренагласени антропоморфни состави, со анимални белези, кои ја зголемуваат изразната тензија на целината. Ваквите својства се потенцирани и од темната, сиво-металнo модра црвена, скала на бои кои, како впрочем и другите елементи на творбата, се третирани коректно, што значи со извесна, за Манев, карактеристична „естетичност“.

Сликарството и цртежите на Манев имаат извесни надреалистички и експресионистички белези, што во најновите дела, на еден послободен начин, ги доведува до своевиден маниризам карактеристичен за еден дел од новите уметнички тенденции.

Неговите творби сега се понапнати во форма, погруби и агресивни во целината, со фигуративни претстави чија анатомска структура, пренагласена во деформацијата, не е составена од крв и месо, туку од пневматски напнати форми со метален сјај. Тоа се необични суштества во згрчени пози, со цврсти и меки форми, кои имаат разголена структура, истовремена на надворешно и внатрешно ткиво. Во него пребива еден вид сублимиран чад кој добива белези на механизирани форми кои зборуваат за урбана и технолошка свест на уметникот.

Неговите антропоморфни суштества сугерираат еден вид повторно раѓање на човекот, во психолошката смисла на зборот, потреба од надминување на себеси запрено во моментот на крајна тензија после која следува раскинување на границите. Често пати не е јасно определен полот на фигурата — акт што упатува на извесни потиснати содржини на свеста, во сферата на еротското.

Манев бара свој фигуративен симбол кој ќе ги содржи психолошките мотиви на неговото создавање, во смисла на тежнение и процес, не како крајна цел. Во тоа ја согледуваме карактеристичноста на овие најнови творби од Свето Манев.

Владимир Величковски

ПРОДАЖЕН ЛИКОВЕН САЛОН
ИЗДАВАЧ: Центар за култура и информации — Скопје
ЗА ИЗДАВАЧОТ: Директорот м-р Ѓорѓија Најдески
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА: Теофил Шулајковски — Тофе,
Гордана Хаџи Николова
ТЕХНИЧКА ПОСТАВКА НА ИЗЛОЖБАТА:
Трајче Димовски
ТИРАЖ: 400
ПЕЧАТНИЦА: „НОВА МАКЕДОНИЈА“



Самостојни изложби:

1975 — Битола
1986 — Белград

Изложби со групата „77“:

1979 — Битола, Охрид, Струга
1980 — Скопје, Битола
1981 — Битола, Куманово, Скопје
1982 — Белград, Битола
1983 — Скопје
1985 — Скопје

Групни изложби:

1969 — Галерија“?“ — Белград
— Новембарски салон — Белград
1975 — 1984 континуирано на сите Ноемвриски изложби Битола
1976 — 1982 на сите Мајски изложби на ДЛУБ — Битола
1977 — Млада генерација III — Скопје
— Младите и творештвото — Скопје
1977 — Ликовни педагози — Струга
1978 — Кавадарци, Неготино
1980 — Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 80' — Скопје
— Ретроспектива на ДЛУБ — Битола
— Салон на младите — Никшиќ
1981 — Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 81' — Скопје
— Титов Велес, Пожаревац
1982 — Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 82' — Скопје
1983 — Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 83' — Скопје
1984 — Биенално студио на цртеж — Штип
— Триенале на Современ југословенски цртеж — Сомбор
— Изложба на уметн. од братски и пријателски градови — Херцег — Нови
— Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 84' — Скопје
— 40 год макед. ликовно творештво — Скопје
1985 — Членови на ДЛУМ од Битола — Битола
— Годишна изложба на ДЛУМ — Скопје
— ДЛУМ — цртеж 85' — Скопје
1986 — Аквизиции V — МСУ — Скопје
— Галерија ВИД — Белград

Награди

1976 — Награда на ДЛУБ (Мајски салон) — Битола
1981 — Откупна награда на Музеј на сов. умет. — Скопје — Цртеж 81
1982 — Награда на ДЛУБ (Мајски салон) — Битола
1982 — Откупна награда на Универзитетска библиотека К. Охридски — Скопје (Изложба Цртеж 82')
1983 — Откупна награда на ф-ка 11 октомври — Скопје (Изложба ДЛУМ — Скопје 1983)

Свето Манев — роден 1945 год. во Св. Николе. Средно училиште за применета уметност — отсек за графика завршил во Скопје. Академија за применета уметност (I и II степен) на отсекот за сликарство во Белград во 1970 год.
Член е на ДЛУМ, и ликовната група „77".

Живее и работи во Скопје ул. Никола Тримпаре 24—3/5

1—11
СЛИКИ—ЦРТЕЖИ — КОМБИНИРАНА ТЕХНИКА.



